# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 26.10.2017; година V; бр. 33

www.medium.edu.mk


ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА: ПЕТАР ПЕТКОВСКИ, ГЛАВНА УЛОГА ВО „ФАМИЛИЈАТА МАРКОВСКИ“

## Бојан ме научи да го прифатам непознатото и да верувам во себе



стр.6



АНА ЈАКИМСКА, РЕЖИСЕРКА

### Приказната е најважна, а магијата е во сликата и во звукот

стр. 3



КАДЕ БЕВМЕ?

### Петто издание на фестивалот за млади „Цифони“

стр. 4



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

### Стравот и вознемиреноста не се болест, но мора да се лекуваат

стр. 5


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Оливер Арсовски, Професор по филозофија во СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово

# Младите и дигиталната ера

Живееме во дигитална ера. Децата се раѓаат со паметен телефон во едната и таблет во другата рака. Денешната мултимедијална култура овозможува уште на мала возраст децата да се едуцираат преку игри и други корисни апликации. Како што растат, така сè повеќе се „бомбардирани“ со информации, од кои повеќето и не се корисни за нив.

Бесплатниот пристап до информации, како и мноштвото медиуми во интернет-сферата станаа дел од правото на информирање. Проблемите настануваат кога во „морето“ информации младите не можат да проценат што е релевантен извор на информации - што е вистинита, а што лажна вест. Што е „спин“, а што веродостојна информација.

Е, тогаш на сцена стапува нужноста од медиумска писменост во образовниот систем. Целта на медиумското образование е да ги поттикне младите да мислат со своја глава, критички да пристапуваат кон медиумските содржини, да станат свесни за својата моќ, а не да се плашат од моќта на другите.

Факт е дека денес, во дигиталната ера, речиси е невозможно да се избегнат огромниот број информации со кои сме „бомбардирани“. Тука сме исправени пред изборот дали да ја примиме или отфрлиме информацијата. Ако ја примиме, тогаш начинот на обработка и филтрирање на информацијата зависи од медиумските вештини коишто ги поседуваме.

Нашиот образовен систем е пред голем предизвик, да ги воведе медиумското образование и медиумската писменост како нужна потреба на младите луѓе, или и понатаму да ги остави младите луѓе да бидат лесно манипулирани. Досегашните искуства говорат дека застапеноста на медиумската писменост во образовниот процес е мала. Новинарските секции во училиштата „привидно“ постојат, но активностите не се доволни. Мал исчекор напред е проектот на Високата школа за новинарство и на весникот „Нова Македонија“, преку кој младите навлегоа во тајните на новинарството и се запознаа со процесот на креирање вест. Преку посетата на редакциите на медиумите почувствуваа што значи одговорност, посветеност на вистината и колку многу труд е потребно да се вложи за да се креира квалитетен медиумски продукт. Е, ако веќе некој вложил толкав напор во интерес на вистината, штета е читателот или гледачот да не ја препознае. А за да ја препознае, нужна е критичка перцепција на информациите, која се стекнува преку процесот на медиумско описменување. Така, полека дојдовме до одговорот на клучното прашање поставено неколку реда погоре. Медиумската писменост мора да стане дел од наставните планови, порано или подоцна. Што порано, тоа подобро.

# Ученици од „В.А. -Дрен“ ќе помагаат на маргинализирани групи

СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“ во партнерство со „Волонтерски центар - Скопје“ до крајот на годинава ќе работат на издигнување на свеста кај младата популација за неопходноста од социјална инклузија на локално ниво. Според Ива Стојановска, психолог во училиштето и координаторка на проектот „Социјална инклузија во нашето соседство-промена“ и ученичката Ангела Петровска, учениците ќе се запознаваат со потребите и предизвиците на маргинализираните групи во околината на училиштето преку директни контакти со нив, кампањи за поефективна социјалната инклузија. Во следните два месеца учениците ќе се обучуваат за проектен менаџмент, лобирање и адвокатура, организирани од „Волонтерски центар - Скопје“.

Проектот е поддржан од Асоцијацијата на средноевропски училишта.

**Ива Стојановска, психолог во „В.А. - Дрен“**

# Свечена прослава за патрониот празник во гимназијата „Мирко Милески“ во Кичево



**Автор на фотографија: Зоран Антоски, Кичево**



# На појадок во конзулска Битола

Европскиот ден на јазиците, во гимназијата „Јосип Броз - Тито“ во Битола беше одбележан по петти пат. Во реализација на настанот, именуван како „На појадок во конзулска Битола“, учествуваа учениците и професорите од активите по македонски, англиски, германски и француски јазик. Декорираните маси изобилуваа со специјалитети карактеристични за Македонија, а можеа да се видат и ученички облечени во народна носија.

Идејата на манифестациите кои се одржаа во многу земји од ЕУ е да се поттикне интересот кај децата и кај возрасните кон јазиците и изучување на истите.

**Теодора Кожуваровска**
**СОУ Гимназија „Јосип Броз – Тито“ - Битола**

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Дејан Јовески **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ИНТЕРВЈУ СО АНА ЈАКИМСКА, РЕЖИСЕРКА

# Приказната е најважна, а магијата е во сликата и во звукот





Ана Јакимовска

Ана Јакимска, режисерка, неодамна ја освои главната награда на меѓународниот фестивал во Шпанија „Мекиненса“ за краткометражниот филм „Ќе дојдат децата“. И тоа во конкуренција од 25 филма од 17 земји. Филмот претходно беше номиниран за најдобар краток филм на филмскиот фестивал во Шангај, Кина, а е прикажан и на неколку други фестивали во Јужна Африка, Мароко, Италија, Црна Гора, Албанија и во Косово.

Добитник е и на единствената награда за нацрт-сценарио за долгометражниот филм „Полноќен воз“, на фестивалот во Трст, Италија, на работилницата „Иствик“ во конкуренција од 10 пријавени проекти од европски земји, како и на уште една награда за истиот филм во Чешка, на меѓународната работилница за развој на сценарио „Мидпоинт“.

**МЕДИУМ: Опишете се со неколку збора.**

ЈАКИМСКА: Не ги одбирам неудобните чевли само затоа што изгледаат добро.

**МЕДИУМ: Што претставуваше мотив да се одлучите за режисерска кариера? Кој влијаеше, кој ве инспирираше?**

ЈАКИМСКА: Најпрво сакав да бидам писателка и да пишувам проза. Потоа, во средно училиште ја открив фотографијата и моќта на визуелниот медиум да создаде емоција на многу поинаков начин од пишаниот збор и пишувањето веќе никогаш не ми беше доволно. Иако сè уште понекогаш пишувам раскази, фокусирана сум на сценариото и филмот.



**МЕДИУМ: Во вашиот проект, долгометражниот филм, со име „Midnight Train“, има сцени со возови. Дали раскажува за железничката линија на релацијата Белград-Скопје-Солун?**

ЈАКИМСКА: Точно, филмот географски е лоциран токму во овие три града: Белград, Скопје и Солун и ги следи приказните на три локални жени. Меѓународната железничка линија која ги спојува овие три града функционира како артерија на филмот, односно ги спојува и трите приказни.

**МЕДИУМ: Потсетувајќи се на деновите во средно училиште, кој ви бил омилен филм тогаш? Каков ви беше вкусот за филмови тогаш и како е сега? Се смени ли нешто?**

ЈАКИМСКА: Средното училиште го завршив во гимназијата „НОВА“, каде што професорите уште од почеток ја препознаа мојата страст за уметност и ме поддржаа во мојот развој во оваа насока, за што сум им особено благодарна. Многу сакав да посетувам театар и кино, редовно следев сè што се случува на локалната уметничка сцена. Тогаш ги откривав класиците и бев воодушевена од Кјубрик, Бергман, и малку подоцна од Тарковски. Омилен филм ми беше „Пеколен портокал“ на Кјубрик, затоа што беше бунтовен и енергичен, но во исто време и внимателно стилизиран и елегантен. Уште ми се допаѓа тој уметнички израз, она што се нарекува панк аристократија.

**МЕДИУМ: Вие, како режисерка, одлично и фотографирате, што може да се види по вашиот инстаграм-профил. Сметате ли дека филмот е поврзан со фотографијата, односно дека мора да се поседуваат двата таланта истовремено?**

ЈАКИМСКА: Апсолутно. Филмот како аудиовизуелна уметност ги има само овие две алатки за да ја создаде целата магија: сликата и звукот. Не смее да постои компромис во поглед на филмската фотографија. Се разбира, ова не значи дека фотографијата мора секогаш да биде технички совршена, бидејќи некои филмски приказни бараат поинаков стилски израз. Но таа мора секогаш да биде уметнички издржана и совршена за соодветната приказна што ја пренесува.

**МЕДИУМ: Дали чувствувате дека преку вашите режисерски креации и филмови светот добива поинаква слика за квалитетна македонска филмска сцена?**

ЈАКИМСКА: Македонскиот филм е сè уште млад и во подем. Но има квалитетни македонски автори кои веќе го ставија македонското кино на светската мапа. Тоа се автори на кои им се восхитувам и бескрајно ги почитувам. Она што мене ми е цел како режисерка е да создадам филмови кои ќе бидат целосно инспирирани од македонската реалност, локални приказни за локални ликови, но кои во себе ќе носат универзалност која ќе може да биде препознаена и многу подалеку од границите на нашата земја.

**МЕДИУМ: Совет за младите кои сакаат да започнат режисерска кариера и нови филмски приказни?**

ЈАКИМСКА: Најдоброто нешто што може да го направи за себе секој што сака да се занимава со режија е да биде храбар и веднаш да се обиде да сними краток филм: со помош на другарите од маало, семејството, соучениците итн. Едноставно е, може да се снима и со мобилен телефон. Приказната е секогаш најважна.

Автор: Стефан Микиќ, ученик во гимназијата „Орце Николов“ - Скопје

КАДЕ БЕВМЕ?

ПЕТТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА МЛАДИ „ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА“

# Киносалите преполни, интересот на учесници зголемен



## Македонија има централно место во идниот тригодишен план

За развојот на фестивалот „Џифони“ постои тригодишен план, кој ќе започне во 2018 и ќе трае до 2020 година и во него Македонија има централно место, посочи Клаудио Губитози, директорот и основач на „Џифони Експириенс“ од Италија.

- Не само што ќе се одвиваат настани во Македонија, туку таа ќе треба да биде место каде што ќе дојдат и други иницијативи од „Џифони“. Тоа нема да биде едноставен проект, ќе биде посложен, ќе се изведува во текот на целата година со различни активности и иницијативи, со една примарна цел - веднаш да се влезе во светот на технолошката иновација. Исто така се предвидени и повеќе активности со младите од универзитетите. Потврдувам дека двојно ќе го зголемиме бројот на младите од Македонија кои ќе дојдат во Италија - рече Губитози.

Италијанскиот амбасадор во Македонија, Карло Ромео, пак, посочи дека фестивалот има голем придонес во продлабочувањето и одржувањето на културната соработка меѓу Италија и Македонија.

Од 18 до 23 октомври, во киното „Милениум“, свечено беше отворено петтото издание на фестивалот за млади „Џифони Македонија“. Пред публиката, односно 700 учесници од 14 земји, на отворањето беше прикажан филмот „Ловец на муви“ во режија на Изер Алиу. Тој потекнува од Македонија, а живее во Норвешка и во Шведска. Филмот е снимен без буџет, во селото Кондово, во околината на Скопје, со поддршка од две продукциски куќи. Филмот влезе на еден од најголемите фестивали од А-категорија, на филмскиот фестивал во Торонто, Канада.

За малиот петгодишен јубилеј, кој е развиен благодарение на соработката меѓу Македонија и италијанската амбасада, директорот на фестивалот, Дарко Башески, посочи дека интересот за фестивалот расте и годинава имале толку голем интерес што апликациите за учество ги затвориле еден месец пред неговиот почеток. Појасни и дека најактивните, најелоквентните млади учесници и годинава беа поделени во три групи: јуниори, кадети и сениори. Тие го сочинуваа и жирито. Осум од нив се селектирани за учество следната година во Италија како претставници на „Џифони Македонија“.

- Примивме максимален број деца колку што можат да соберат киносалите и видовме огромно задоволство кај младите кои по гледањето на филмовите имаа дискусии на теми поврзани со истите филмови. Овие наши деца, верувајте, секоја година се видливи со својата активност, со своите паметни прашања до големите филмски ѕвезди со кои имаат можност да се дружат за време на фестивалот - рече Башески.








Во рамките на „Џифони Македонија“, покрај 15-те филма во официјална конкуренција, беа прикажани и други филмови, дел од придружната програма-селекција на најдобри филмови за млади од Кореја, филмови коишто се поврзани со музиката и џезот, во соработка со Скопскиот џез-фестивал, како и кратки филмови на Ханис Багашов, најмладиот режисер моментално во Македонија, кој почнал да прави филмови на 11 години.

Клаудио Губитози, директорот и основач на „Џифони Експириенс“ од Италија, изрази задоволство од обидот пред пет години фестивалот да заживее во Македонија. Според него, сè што ќе се посее добро, се жнее убаво.

Се обидовме и најдовме нова земја, со многу убави, внимателни млади луѓе, со вистинската енергија којашто му дозволи на семето на „Џифони“ да се развие. Целта е постигната. Последните три наши меѓународни активности се во Македонија, Албанија и во Катар. Меѓутоа, јас овде секогаш сум се чувствувал убаво, ја најдов онаа одлична хармонија меѓу идејата и самата земја. Навистина, момчињата и девојчињата од Македонија кои доаѓаат на „Џифони“ во Италија се поинакви и секогаш биле забележани меѓу илјадници млади од 50 земји - изјави Губитози.

На фестивалите на „Џифони“ гостувале навистина познати луѓе, наградувани нобеловци, оскаровци, за да го дадат и да го пренесат нивното знаење, но и да добијат енергија, чистота, соништа, перспективи, појасни тој.

Една од целите за 2018 година е да се донесат италијански таленти во Македонија.

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

АНКСИОЗНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

# Стравот и вознемиреноста не се болест, но мора да се лекуваат



Марина Лотеска



Александра Прошева



Запишувањето во средно училиште, новата средина, соученици, оптовареноста дали и колку некој ќе биде прифатен во друштво, вреднуван и почитуван, се вистински стрес за средношколците и најчеста причина за појавата наречена анксиозност. Влијание имаат и притисоците од родителите и од професорите во однос на учењето и постигнувањето добри резултати. Сето тоа води до вознемиреност, несигурност, напнатост. Поради тоа, учениците треба редовно да се информираат, но и самоиницијативно да побараат стручна помош.

**КОИ СЕ СИМПТОМИТЕ?**

Александра Прошева, клинички психолог, гешталт-психотерапевтка од ординацијата „Д-р Павлов“, за анксиозноста вели дека претставува состојба на изразена вознемиреност, внатрешно чувство на интензивна непријатност, тегоба, страв до ниво на паника кое често е проследено со низа телесни симптоми: срцебиење, потење, чувство дека не може да се земе воздух, задушување, притисок во градите, вртоглавици, страв дека ќе се онесвести, преголема загриженост за здравјето.

- Може да биде манифестирано како генерализирано анксиозно чувство, фобија и анксиозност која се изразува со панични напади кои се краткотрајни, но крајно непријатни за тој што ги доживува. Ученикот може да доживува анксиозност која е поврзана со негативната слика за себе и самовреднување, изразена самокритичност во поглед на своето тело, успехот во поглед на постигнувањата - појаснува Прошева.

Ваквата состојба има огромно влијание врз концентрацијата и следењето на наставата. Според Прошева, ученикот не може да внимава на час и има проблеми при учењето поради симптомите кои ги чувствува. Тие го преплавуваат ученикот, тој/таа изгледа отсутно, замислено, изгубено и секако негативно влијае на неговите постигнувања.

Соочувањето со различни карактери кај учениците е дел од секојдневната работа на професорите. Тие изнаоѓаат сопствен начин да се справат со нив, во отсуство на обуки, отсуство на едукација на соодветни техники за ваков тип комуникација. Тоа важи и за конкретна здравствена ситуација на ученикот или сè повеќе препознатливата анксиозност кај младите, вели Марина Лотеска, професорка во гимназијата „Георги Димитров“.

Реакцијата, помошта и начините на справување во конкретни препознатливи однесувања кај учениците, особено кај средношколците (страв од неприфатливост, страв од јавен настап, срам во комуникација, непријатно чувство и сето тоа проследено со напад на паника и срам, со одбивање на конкретни задачи и активности на часот; препознатливо чувство на тага, депресија, бес, чувство на пониска вредност), се сведува на личноста на наставникот. Поточно, неговата желба и посветеност да им помогне на учениците воочувајќи конкретен проблем - изјави професорката Лотеска. Доколку професорот не може сам да ја реши состојбата кај ученикот, ја вклучува педагошката служба, но според Лотеска, за жал, тоа е само во случај со проблематичните ученици, без навлегување во причините за таквото однесување и доколку е тоа некој поспецифичен проблем за кој родителот не сака да соработува.

Анксиозноста не е лесно препознатлива, вели и психологот Прошева, бидејќи личноста се обидува на секој начин тоа да го потисне, да го прикрие дури и од најблиските. И тоа, секако, многу го исцрпува ученикот поради страв и предрасуди дека другите ќе помислат дека нешто не е в ред со него.

- Професорите ретко ги забележуваат овие ученици. Но она што може да го препознаат околината и професорите е ако ученикот изгледа отсутно, расеано, дефокусирано, загрижено, има потиштено расположение, не се смее. Доколку се забележат овие симптоми, добро е ученикот да се препрати кај училишниот психолог или да се алармираат родителите за неговото променето однесување - категорична е Прошева.

Од нејзината практика истакнува дека сè почесто младите луѓе самостојно и своеволно доаѓаат на терапија. Информациите ги добиваат од Интернет и така развиваат свесност, наспроти родителите кои како иницијатори би ги однеле на психолог за совет и помош за себе.

Главната порака до родителите, професорите и учениците е дека анксиозноста е состојба која може да му се случи на секого без разлика на возраста и е потребно навремено да се реагира за да младиот човек полесно ја надмине истата, на еден побезболен начин со одење на психолог или на психијатар.

Од искуството на професорката Лотеска, начин за помош на учениците соочени со анксиозност е и активно вклучување во воншколски активности и сериозна посветеност на наставникот за надминување на проблемите преку проекти.

На ученикот во помала група му се дава конкретна задача и се работи со техники за јавен настап, помагајќи му да ја врати самодовербата, надминувајќи ги стравот и неприфатливоста - смета професорката.

Како професорка по македонски јазик и литература таа активно работи театарски претстави со учениците. Им поставува теми кои ги засегаат младите и проблемите со кои живеат. Вели дека учениците, членови на драмската секција „С'клет“, излегуваат посилни, со поголема самодоверба, со надминат страв од неприфатливост, односно припаѓаат на група каде што се стекнуваат вистински пријателства и се подготвени за надворешниот свет.

## Нелекуваната состојба води кон алкохол, коцкање, депресија

Анксиозноста која не е препознаена од страна на возрасните (родителите, семејството или училиштето) често може да добие карактер на хронична анксиозност, појаснува клиничкиот психолог Александра Прошева од ПЗУ „Д-р Павлов“.

Младиот човек на некој начин може да се ослободи од анксиозноста и одреден период симптомите да спласнат. Но потоа да добијат друга форма на изразување како што е често случајот со паничните напади.

Неретко младите во овие состојби за да ја намалат напнатоста посегнуваат рано по алкохол (кој секако е познат по неговото дезинхибициско дејство), марихуана и други психоактивни супстанции, коцкање, често обложување. Доколку не се преземе нешто навремено, сето ова води кон низа девијантни појави. Анксиозноста која трае подолг период треба соодветно да се третира со медикаменти и со психотерапија. Нелекуваните состојби неретко преминуваат во депресија и автодеструктивно однесување.

ИНТЕРВЈУ: ПЕТАР ПЕТКОВСКИ, ГЛАВНА УЛОГА ВО „ФАМИЛИЈАТА МАРКОВСКИ“

# Којан ме научи да го прифатам непознатото и да верувам во себе







**МЕДИУМ: Дали е ова твое прво појавување на телевизиските екрани?**

**ПЕТКОВСКИ:** Минатата година учествував во кампања за „Те-мобајл“, која цела есен се емитуваше на телевизија и на Интернет. За потребите на истата имаше и кампања со летоци и билборди. Тоа беше моето прво појавување на телевизиските екрани.

**МЕДИУМ:** Како стаса до главна улога во серијата „Фамилијата Марковски“?

**ПЕТКОВСКИ:** Многу случајно. Сестра ми оди на часови по глума, а на социјалните мрежи видела објава за аудиција за серија. Бев со неа кога се пријави. Чекајќи во редицата, кога стаса Ивана на ред, девојката што запишуваше ме праша како се викам. Прво реков дека јас не се пријавувам, а таа ме праша зошто. Потоа ми рече дека на нив им требале и момчиња. Влегов. Поминаа уште три аудиции и ја добив улогата.

**МЕДИУМ: Дали глумата е твое хоби и дали имаш воопшто хоби со кое го исполнуваш твоето слободно време?**

**ПЕТКОВСКИ:** Завршив нижо музичко училиште, свирам гитара, тренирам кошарка, а од оваа година почнувам и со часови по глума.

**МЕДИУМ: Дали улогата во оваа серија ти донесе слава само кај девојчињата или и кај професорите на училиште?**

**ПЕТКОВСКИ:** Улогата ми донесе многу нови нешта во животот, пријателства, познанства, нови предизвици, нови можности... Секако, ме препознаваат луѓе по улица, сакаат да се сликаат..., ама некако „слава“ ми е и многу далечен и незаслужен збор, сега засега.

**МЕДИУМ: Какво е чувството да имаш улога во серија чија содржина моментално е најблиску до реалноста во која живееме?**

**ПЕТКОВСКИ:** Реалноста е различна за секого, ама во моментов заедничка и реална е мојата среќа - дека учествував во серијата. Среќен сум и што луѓето ја сакаат и ја гледаат серијата.

**МЕДИУМ: Дали тимот со кој соработуваше ти влеваше постојана поддршка и што најмногу те научи „Фамилијата Марковски“?**

**ПЕТКОВСКИ:** Серијата ме научи дека треба да сум подготвен да прифаќам работи кои ми биле дотогаш непознати, да верувам во себе, да ги слушам и почитувам искуствата на луѓето. И не знам колку пати да ѝ се заблагодарам на Соња Стамболџиоска - директорката на аудициите, на сите луѓе од „Арт проект лаб“, на Даријан Пејовски - режисерот на серијата, на сите членови на семејството Марковски, на сите актери кои имаа епизодни улоги. Сите тие веруваа во мене од првиот ден, ме бодреа, ме подучуваа, ме смееја.

**МЕДИУМ: Дали Бојан влијаеше на карактерот на Петар или Петар на карактерот на Бојан?**

**ПЕТКОВСКИ**: Секако дека да. На пример, мојата поранешна класна по гледање на серијата рекла: „Па Петар не глуми, тој ваков беше и во школо“. Има повеќе сличности, но има и разлика. На пример, убаво ќе беше да имав постара сестра која ќе ми даваше пари, како Бојан, но немам.

**МЕДИУМ: Дали можеби во иднина актерството ќе биде твоја идна професија?**

**ПЕТКОВСКИ:** Не знам, за ова прашање ќе морам да го консултирам Иван Исцелител.

**Автор на интервјуто:**
**Ана Илиева, ученичка во гимназијата „Орце Николов“ - Скопје**

# За 25 години ќе имам две деца и ќе бидам модерна жена



За 25 години јас ќе бидам на возраст од 41 година. Тоа се најубави зрели години, уште релативно млада, реализирана на секое поле, како професионално така и приватно.

Себеси се гледам како специјален едукатор во некоја невладина организација што се занимава со најнови методи и техники на работа со деца со пречки, како факултетски образована личност, полна со лично искуство, теоретски поткрепена. Во својата струка ќе вршам мисионерска работа и ќе ги проширувам хоризонтите на заедницата. Како што вели поговорката „мирна вода брег рони“, така и јас на мирен, но сепак енергичен и истраен начин професионално ќе се наметнувам и ќе ја остварувам мојата зацртана цел.

Најверојатно ќе бидам самохрана мајка на две дечиња, претпоставувам близнаци, родени со инвитро. Ова како сигурна опција во случај да не сретнам партнер со широки сфаќања, којшто ќе ме засака со сите мои вредности и недостатоци.

Мојот дом ќе биде топол, но целосно опремен со електрични и други уреди за домаќинство кои ќе ми овозможат лесно ракување и завршување на секојдневните домашни обврски,со оглед на моите проблеми со фината моторика.

За 25 години себеси се гледам како убава, модерна и самоуверена и самостојна жена која цврсто чекори напред и „фура свој фазон“.

Своја на свое!

**Вера Апостоловска, ученичка во гимназијата „Орце Николов“, Скопје**

# Владата повеќе да го финансира спортувањето



Во денешно време сè помалку се спортува. А доколку се спортува тоа најчесто младите го прават бесцелно, без никаква цел. Што е причината за тоа - дали недостигот од ресурси или неисплатливоста во вложување во спортот во нашата држава. Или, пак, нешто друго е пречката.

Спортот е една од најважните физички активности. Благодарение на него правилно растеме и физички правилно се развиваме. Спортувањето треба на многумина да им е биде примарно хоби, за правилен раст и развој. На одредени луѓе тоа и е, но на мноштвото од младината повеќе не е. Причината за тоа е и повеќе од јасна - појавата на новата супертехнологија ги „зацврсти“ младите за компјутерите и мобилните телефони, таблети. Со што тие физичката активност речиси ја отфрлија од нивните животи. За жал, тоа е сликата на денешната сурова реалност.

Но сепак има млади кои спортуваат. Но со каква цел го прават тоа? Дали со желба дека ќе станат познати спортисти или, пак, нешто друго се крие зад тоа?

Да - спортуваат, за рекреација и правилен развој, и тоа е добро. Но зарем не би било подобро кога добри спортисти од тој спорт би направиле бизнис? Сепак, многу малку се стремат кон тоа.

Можеби затоа што до слава и популарност не може да се дојде во мала земја каква што е Македонија, па затоа на многумина и не е им исплатливо финансирањето и усовршувањето на спортски план.

Во Македонија за спорт постојат многу скриени таленти и тие треба допрва да се откријат, и тоа најмногу преку наставата по предметот Спорт и спортски активности во средните училишта. Воедно, мора да се реши проблемот со недоволното спортување на младите, а и Владата да започне кампања по медиумите каде што спортувањето ќе го претстави како најдобар начин за рекреација и правилен развој на младите.

**Оливер Иванов, СОУ „Митко Пенџуклиски“ - Кратово**

# Македонија е демократска земја, но новинарите се дискриминирани



Моќта или правото да дејствуваме, да се изразуваме и да размислуваме ја дефинира слободата што граѓаните ја имаат. Не само во Македонија туку и насекаде низ светот. Слободата отсекогаш се состоела од правото да го избереме она што го сакаме. Граѓаните треба да разберат дека имаат право слободно да ги изразат своите размислувања, без вмешување на властите, но притоа почитувајќи ги правата и слободите на другите граѓани.

Но дали во Македонија граѓаните имаат слобода? Во сите држави, па и во Македонија владеат правото и правото на слободата - граѓаните имаат право да бидат еднакви и државата да ги заштитува. Загрозените граѓани треба да бидат згрижени и за нивната заштита треба да бидат вклучени социјалните работници. Државата треба да обезбеди добар и пристоен живот на сите нејзини граѓани. Треба да имаат слобода да се движат, без страв дали ќе бидат нападнати, да одат слободно и мирно на училиште, а и нашите родители слободно да одат на работа.

Заклучок е дека правото за слободно изразување на граѓаните не им одземено и секое незадоволство може да го изразат. Сепак, Македонија е демократска земја и граѓаните имаат право на глас. Но од моја гледна точка сепак постои мала дискриминација во однос на новинарите, на кои им е одземено правото на слободно изразување.

Во секоја држава постои група на луѓе со поголема моќ, коишто можат да влијаат врз некои граѓани, притоа наметнуваат неисправни работи, понекогаш и со насилство. Човековите права се неприкосновени за сите граѓани на нашата држава и од тој аспект јавната власт, во која спаѓаат сите државни органи и единиците на локалната самоуправа, се должни да ги почитуваат и унапредуваат. Тешко е да се даде една општа оценка, бидејќи сè уште постои повреда на човековите права и дискриминација.

**Тамара Ставревска, СУГС „Никола Карев“**

## ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Средношколците од Кратово учествуваа во медиумска работилница



Во средното училиште „Митко Пенџуклиски“ во Кратово се одржа медиумска работилница организирана од Високата школа за новинарство и односи со јавноста и од весникот „Нова Македонија“. Триесетина ученици од сите четири години активно партиципираа во работилницата, чија основа беше подигање на медиумската писменост на младите и запознавање со основните новинарски начела. Александра Теменугова од Високата школа со интерактивна дебата со учениците зборуваше за содржината и методите на правење на новинарските вести, извештаи, коментари... Се вежбаше и пишување вести, наслови, поднаслови, како и нивно читање, а во текот на целата работилница учениците со свои примери ги искажаа своите афинитети кон новинарската професија. Уредникот од весникот „Нова Македонија“, Жарко Василевски, во своето излагање се осврна на практичната работа на новинарите, предностите и тешкотиите со кои се стекнува еден новинар во работата.

Овој настан се организира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, при што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија“ секој месец ги посетуваат училиштата низ Македонија, држејќи предавања за новинарство и за медиуми, а реализацијата е овозможена со поддршка на Европската Унија.

Ж.В.

## СОВЕТУВАМЕ:

# Карактеристики на веста

Сте размислиле ли некогаш зошто одредена информација ја има на телевизија, во весник или на друг медиум? Како новинарите одлучуваат која вест треба да ја објават?

Меѓу првите лекции во школите за новинарство е и онаа за карактеристиките на веста. Ова се најчестите критериуми според кои се утврдува дали одредена информација е вредна за објавување:

**1. Актуелност/новост.** Секогаш сакаме да дознаеме што е најново. Она што се случува денеска е поважно од она вчера. Колку една приказна е понова и поактуелна, толку е поинтересна за публиката. Едноставно, информациите вредни за објавување треба да бидат нови и актуелни.

**2. Влијание/засегнатост.** Колку повеќе луѓе се засегнати од една информација, дотолку таа треба да се објави. Информациите што се однесуваат на загрозувањето на животот, на здравјето и на сигурноста најмногу ги засегаат луѓето.

**3. Блискост.** Колку информацијата е настан или појава блиска до нас, дотолку повеќе вреди да се објави. Близината не се однесува само на нешто што е физички или географски блиску, туку и на поврзаноста на луѓето со оние што се слични на нив.

**4. Конфликт.** Информациите за конфликтни настани и состојби секогаш привлекуваат големо внимание. „Лошите вести“, односно вестите за војни, протести, штрајкови, тепачки и други конфликти се неизоставен дел од информативните содржини.

**5. Проминенција/Јавни личности.** Информациите што се однесуваат на познати личности привлекуваат повеќе внимание одошто вестите за непознати личности.

**6. Необичност/Занимливост.** Нарушувањето на секојдневието претставува вест. Тоа се најчесто информации за необични случувања, рекорди, занимливости. Колку една информација е понеобична, толку е поатрактивна да го привлече вниманието на публиката.

Повеќе ресурси за стекнување основни новинарски вештини има на следниот линк: **www.medium.edu.mk/jas-novinar**

## СТРИП




Во соработка со Стрип Центар - Велес

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за пишување во новите медиуми

Школата за медиуми при Универзитетот во Борнмаут во Велика Британија ги повикува сите заинтересирани да учествуваат со свој расказ, роман, документарен филм, слики, филм или анимација специјално направени за онлајн-читање, гледање и споделување. Критериумите се следните: иновативна употреба на новите (дигитални) медиуми, ефективна употреба на интерактивни елементи, лесна достапност за публиката, пример како можностите на новите наспроти традиционалните медиуми и потенцијал може да допрат до поширокота публика. Победникот ќе добие награда во вредност од 1.000 фунти. За малолетните учесници е потребно одобрение од родител или старател. Рокот за пријавување е 24 ноември. Повеќе информации на http://newmediawritingprize.co.uk/faq/.

### Факултет од соништата во видеоприказна

Американскиот универзитет во Бугарија ги поканува сите средношколци од четврта година да испратат едноминутно видео во кое ќе го опишат факултетот од своите соништа, а победникот ќе добие дводневен платен престој во Благоевград и можност да присуствува на „АУБГ опен хаус“, настан што ќе се одржи на 18 ноември. Рокот за испраќање на видеата е 1 ноември. Повеќе информации на ntabutova@aubg.edu.

### Изработка на постер за јакнење на свеста за компостирање

Комитетот на Меѓународната недела за јакнење на свеста за компостирање ги повикува сите заинтересирани да се вклучат во овој глобален настан преку изработка на постер на тема: „Компостирај! Градиме подобра иднина“. Победничкиот постер ќе се користи за промоција на „Меѓународната недела за издигање на свеста за компостот 2018“ во рамките на 16-от Годишен натпревар за постер. Победникот ќе добие награда во вредност од 500 долари. Конкурсот е отворен до 6 ноември. Повеќе информации на http://compostfoundation.org/ICA-Poster-Contest.